A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

(/default)

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

### Извадок на дел од дневни настани 02.03.2019

Одделението за безбедност на патниот сообраќај при Секторот за внатрешни работи Скопје на 1 / 2. 03. 2019 година во периодот од 23.00 до 05.00 часот спроведе зајакната акциска контрола за откривање возачи кои управуваат со возило под дејство на алкохол. Од страна на полициски службеници контролирани се вкупно 121 возач, а кај 14 од нив утврдено е присуство на алкохол во крвта. Откриени се и 40 останати прекршоци за кои се издадени 33 мандатни платни налози и 7 прекршочни платни налози.

На 01/02. 03.2019 година во периодот од 22.00 до 05.00 часот беа преземени мерки за непрописно паркирани возила на улиците: Св.„Климент Охридски", „Јордан Мијалков", „Димитрија Чуповски" и Кеј „13-ти Ноември" и со специјално возило „пајак" беа подигнати 20 патнички моторни возила.

На 01.03.2019 година во 11,10 часот во реонот на с.Лојане мото патрола од ПС за ГН-Сопот при обид за нелегално поминување на државната граница од Република Србија кон Република Северна Македонија затекнала шест лица од Кина. Лицата се приведени во СВР Куманово за понатамошна постапка

На 02.03.2019 година во 02:00 часот е пронајден Ж.Р (19), штитеник на ЈУ „Ранка Милановиќ", за кој на 26.02.2019 во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека самоволно се оддалечил од домот. Од страна на полициските службеници лицето е спроведено во домот „Ранка Милановиќ".

На 01.03.2019 година околу 13.10 часот на ул.„Маршал Тито" во Штип, патничко возило „Волво" со штипски регистарски ознаки, управувано од И.Б. (72) од Штип излетало надвор од коловозот и паднало во реката Отиња. Во незгодата со повреди се здобил возачот. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Штип.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Б.И.(22) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 06.12.2018 во Кавадарци полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 01.03.2019. во 17.40 часот во Полициската станица за граничен надзор Лабуништа од страна на граѓанин од с.Лабуништа пријавено е дека има починато лице во место викано Краста во атарот на с.Лабуништа. По овластување на јавен обвинител, извршен е увид и констатирано е дека се работи за С.Ф(28) од Клење, Република Албанија, кој работел како овчар, а кој, според првичните сознанија, паднал од карпест дел од висина од триесетина метри. Од страна на лекар констатирана е смрт, а јавен обвинител издал наредба за обдукција.

На 02.03.2019 во 00.10 часот е пронајдена и вратена М.С. (17) штитеничка од СОС Детско село, за која на 28.02.2019 во 23.30 часот во Полициската станица Гази Баба беше пријавено дека самоволно се оддалечила.

На 02.03.2019 година околу 02 часот во СВР Скопје прјавено е дека во Клиничка болница „Систина" од страна на С.Т. (24) од с .Шишево биле донесени со повреди А. А. (20) и Г. А. (36), сите од с.Шишево. Според пријавеното, тројцата се движеле со возило „БМВ", а пред нив се движело возило „Мерцедес", управувано од Е.Ш. од с.Шишево, со кого претходно имале расправии. Според пријавеното, на влезот во с.Шишево возилото „Мерцедес" застанало до патот,а по него запрел и Г.А., кој го управувал

возилото „БМВ‟. Е.Ш. и Г.А. излегле од возилото и почнале да се расправаат, по што Е.Ш. со пиштол пукал кон Г.А., а потоа и кон А.А.. С.Т. ги пренел А.А. и Г.А. во болницата „Систина‟, каде А.А. починал. Се преземаат мерки и активности за расчистување на случајот.

На 01.03.2019 00,10 час. во Полициското одделение Зајас, било пријавено дека во с.Трнодол во угостителски објект бил нарушен јавниот ред и мир од страна на У.З. од Кичево, кој бил заедно со уште две лица. Тој откако не бил послужен како што побарал, почнал да фрла шишиња и други предмети. По добиената пријава, полициски службеници излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.03.2019 во 09,40 часот, Н. Д. (39) од Скопје, пријавил дека на 28.02.2019 година околу 23,30 часот на бул.„Асном‟, одстрана на две лица бил нападнат и му било извршено разбојништво, при што му е одземен паричник и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2019 околу 21,30 часот полициски службеници кои постапувале по пријава-поплака од К. Ш. од Скопје за нејзиниот сопруг С. Л. (48), биле нападнати од С.Л.. При обид да го лишат од слобода, С.Л. го стартувал возилото и удрил во полициски службеник, кој се здобил со телесни повреди. С.Л. е приведен во ПС-Гази Баба. Против С.Л. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.03.2019 година околу 03,35 часот во Скопје пријавено е дека на ул.Призренска Д.К. со употреба на физичка сила од М. О. (40) одзел паричник, по што избегал.Се преземат мерки за расчисување на случајот.

На 02-03-2019 год во 01:15 ч. С.Г (39) од Скопје пријавил дека во нас.Илинден пред угостителски објект била физички нападната неговата сопруга М.Г(40)од Скопје од страна на С.Д(49) од Скопје. Потоа С.Г и М.Г се качиле во своето возило и се упатиле кон автопатот, а по нив тргнале напаѓачот и неколку други лица, при што удриле во задниот дел од возилото на С.Г. Се работи на целосно расчистување на случајот.

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)